| | |
|---|---|
| **Неделна Тема** | Гладното врапче |
| **Содржина на денот** | Малото врапче |
| **Возраст** | 2-3 години |
| **Воспитувач** | Весна Пецева |
| | **Дневни активности** |
| **Здрави и безбедни навики** | Средување на боиците и ликовните материјали кои детето ги користи во домот и разговор за хигиената при нивно користење. |
| **Активности** | 1. Малото врапче – боење во контура<br>Со детето се разговара за изгледот на врапчето, за боите на пердувите, клунчето и сл. Може да му се покаже слика на компјутер или од списанија. На детето му се покажува претходно подготвена принтана или цртана контура на врапче и заедно со возрасниот со прсти поминуваат по контурата и му се објаснува на детето дека треба да бои во внатрешноста на линиите. Заедно со детето се подготвуваат боиците(дрвени, восочни и сл) со кои детето сака да го бои подготвеното врапче на лист хартија. Детето самостојно одбира боици и бои на листот со контура на врапче. Во текот на активноста детето може да се поттикнува со помош на разговор, но возрасниот не треба да се меша во неговата работа, туку детето се остава да бои самостојно во зависност од неговите развојни можности. На крај творбата може да се постави на одредено место во домот. Може да се постави на прозорецот и да се раскаже приказна како врапчето ги чека своите другарчиња крај прозорецот заедно да џивкаат. |